**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ**

# ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА „ИСКРА“ - ШТИП

**за период од 2023 до 2027 година**



**АВГУСТ, 2023 ГОДИНА**

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

## Преамбула

Според Законот за средно образование(„Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020, член 29-а, „ДСУ Искра"- Штип изготви **Програмата за развој училиштето за период 2023 – 2027 година.** Истата е изготвена врз основ на приоритетите од спроведената Самоевалуација во изминатиот период, и по препораките од извршената досегашна интегрална евалуација од Државниот просветен инспекторат .

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

**Содржина**

**Вовед**

1. **Податоци за средното училиште**
   - 1.1. Идентификациони податоци за училиштето
   - 1.2. Историјат на средното училиште
   - 1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта
2. **Преглед на постоечките ресурси со кои располага средно училиште**
   - 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка
   - 2.2. Работен стаж на вработените
   - 2.3. Простор
   - 2.4. Опрема и наставни средства
   - 2.5. Материјално-финансиско работење на училиште
3. **Подрачје на работа на средно училиште, наставен план и наставна програма**
4. **Евалуација на работата на средното училиште во претходните четири години**
   - 4.1. Самоевалуација на средното училиште (интерна)
   - 4.2. Интегрална евалуација на средното училиште (екстерна)
5. **Фактори кои влијаат на развојот на средното училиште (SWOT анализа)**
6. **Мисија и визија на средното училиште**
7. **Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на средното училиште во четиригодишниот период**
8. **Соработка на средното училиште со родителите/старателите**

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

## Вовед

Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ - Штип е средно училиште со ученички дом за ученици со посебни образовни потреби.

Основната дејност на училиштето е воспитно-образовната работа која се остварува низ програмите за:

1. стручно образование
2. работно оспособување

1. Во ДСУ„Искра“ Штип се спроведува дејност која се реализира преку адаптирани воспитно образовни планови и програми на ниво на втор степен на стручна подготовка. Образованието е во траење од три години во четири струки: машинска, графичка, текстилна и земјоделско-ветеринарна, каде што учениците се здобиваат со следниве квалификации:

**машинска струка – помошник бравар – лимар**

**графичка струка – помошник книгоповрзувач – картонажер**

**текстилна струка – помошник конфекционер**

**земјоделска–ветеринарна струка – помошник во растително производство**

2. Учениците со потешкотии во учењето и намалени моторни способности се вклучуваат во работно оспособување кои работат според наставни планови и програми за работно оспособување во постоечките струки. Образованието за оваа категорија на ученици трае до 24 месеци.

ЦЕЛИ НА ДСУ,,ИСКРА,,ШТИП

Основната цел на Државното средно училиште за образование и рехабилитација “Искра”- Штип е реализирање на наставен процес кој овозможува стекнување на знаења, умеења, вештини и стручна обука за оптимален индивидуален развој на учениците, воспитание и рехабилитација на ученици, младинци со пречки во развојот и посебни образовни потреби

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

Цели кои произлегуваат од основната цел:

- На учениците да им се овозможи стекнување на знаења, вештини и умеења од општообразовните и стручните предмети;
- Подготвка за примена на стекнатите знаења, вештини и умеења;
- Развивање на способности и воспитни вредности на личноста на ученикот;
- Континуирано следење на напредокот на учениците, поттикнување на емоционалниот и социјалниот развој;
- Континуирано инвестирање во подобрување на материјално техничкитеуслови со цел создавање на квалитетни услови за работа и учење;
- Професионален развој на воспитно-образовниот кадар;
- Соработка со родителите/старателите ;
- Соработка со воспитно-образовни и културни институции, органи и организации од локалната средина;
- Континуирано осовременување на образовната технологија;
- Истакнување на општите човечки вредности, култура на однесување и воспитување и развивање на креативен однос кон работата;
- Воспоставување на ефикасна и квалитетна интерна комуникација и партнерски односи со социјалните партнери на локално и национално ниво;

Развојната програма на училиштето е изготвена врз основа на: Законот за средно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на училиштето, Годишни извештаи за работата на училиштето и Самоевалуација на училиштето за период 2020-2022 година.

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

## 1. Податоци за средното училиште

1.1. Идентификациони податоци за средното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на средното училиште | Државно средно училиште за образование и рехабилитација “Искра” |
| Адреса | “Рибник” бр.14 Штип |
| Телефон | 078 474 072 |
| Место, општина | Штип |
| Веб-страница | Iskra.edu.mk |
| Е-маил | dsuiskra@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 8 ми Ноември |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 3843 m2 |
| Училиштен двор(m2) | 2177m2 |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 100 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 57 |
| Број на паралелки | 14 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |

## 1.2.Историјат на средното училиште

Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ - Штип е средно училиште со ученички дом за ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето е лоцирано на 4 км. од центарот на градот на магистралниот пат Штип-Радовиш-Струмица во непосредна близина на термо минералната бања „ Кежовица“ во месноста Ново село. Воспитно образовната институција постои од ноември 1981 год. Објектот во кој се сместени училиштето и домот е изграден во 1952 год. и во него било сместено земјоделско училиште.

## 1.3.Специфики кои го карактеризираат средното училиште во однос на другите средни училишта

Суштината на постоењето на ДСУ„Искра“ Штип е од посебен интерес на републиката и е единствена институција од ваков вид во источниот дел на РСМ, за згрижување, воспитание, образование и рехабилитација на ученици, младинци со пречки во развојот, посебни образовни потребии и лица со аутизам. Од основањето до денес своето право на воспитание, образование и рехабилитација го оствариле околу 1250 ученици.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага средното училиште

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| | | | | Стручна подготовка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | всс | вкс | средно | основно |
| **Број на вработени** | 40 | 19 | 21 | | | | |
| **Број на воспитно образовен кадар** | 18 | 10 | 7 | 17 | 1 | | |
| **Број на воспитен кадар** | 7 | 3 | 4 | 7 | | | |
| **Број на стручни соработници** | 5 | | 5 | 5 | | | |
| **Административни работници** | 1 | | 1 | 1 | | | |
| **Техничка служба** | 8 | 4 | 4 | 1 | | 6 | 1 |
| **Директор** | 1 | 1 | | 1 | | | |

2.2. Работен стаж на вработените

| **Работен стаж** | **Број на вработени наставници** | **Број на вработени воспитувачи** | **Број на вработени стручни соработници** | **Број на вработени административни службеници** | **Број на вработен технички персонал** | **Број на вработен раководен кадар** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 3 | 3 | 1 | 1 | 2 | |
| Од 10 до 20 години | 8 | 3 | 4 | | 1 | |
| Од 20 до 30 години | 5 | 1 | | | 4 | 1 |
| Повеќе од 30 години | 2 | | | | 1 | |
| Вкупно | 18 | 7 | 5 | 1 | 8 | 1 |

2.3.Простор

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Бруто површина** | 3723м2 |
| **Нето површина** | 1546 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | 1 |
| **Број на училници** | 7 |
| **Број на работилници** | 4 |
| **Фискултурна сала** | 1 |
| **Спални** | 16 |
| **Занимална** | 2 |
| **Кариерен центар** | 1 |
| **Број на помошни простории** | 1 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено централно греење |

2.4. **Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства**“

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| **Граѓанско образование** | - 1 Статичен компјутер;<br>- 1 Смарт табла ;<br>- 1 принтер<br>- 1 пар звучници<br>- 1 камера | - компјутер за ученици;<br>- учебник;<br>- нагледни едукативни материјали;<br>-ламинатор,фолии за пластифицирање; |

| | | |
|---|---|---|
| | - Работен материјал:<br>книжен, печатен и компјутерски презентации<br>➢ списанија, законски акти, меѓународни документи кои обработуваат теми од граѓанското образование;<br>➢ интернет, илустрирани образовни софтвери;<br>➢ фотографии,фотокопиран материјал (документи,текстови,..); | - принтер во боја; |
| **Математика** | - 1 Статичен компјутер;<br>- 1 Смарт табла ;<br>- 1 принтер<br>- 1 камера<br>- Работен материјал: печатен и компјутерски презентации: | - компјутер за ученици;<br>- учебници;<br>- нагледни едукативни материјали;<br>-ламинатор,фолии за пластифицирање;<br>- принтер во боја;<br>- хартија за печатење.<br>-1 пар звучници<br>- слагалици – мозаик<br>-математички работни материјали |
| **Македонски јазик и литература** | - 1 статичен комјутер<br>- СМАРТ ТАБЛА<br>- Принтер<br>- Изработки,работни материјали, power point презентации итн.<br>- Книжевни дела | - Компјутери за ученици и наставник<br>- УЧЕБНИЦИ<br>- Нагледни средства<br>- Звучни книги<br>- Едукативен материјал<br>Книги,речници, сликовници, лектири |
| **Спорт и спортски активности** | 1 Статичен компјутер;<br>- 1 принтер(не е во функција)<br>- 1 пар звучници<br>- 1 камера<br>- 1 вратило<br>- 1 рипстол<br>- 1 греда<br>- 1 јарец за прескок<br>- 4 душеци<br>- 1 одскочна даска | 1 принтер<br>- обложување на старите душеци или нови душеци<br>- јарец за прескок<br>- одскочна даска<br>- јажиња за скокање<br>- орбитрек(стариот не е во функција)<br>- препреки за скокање<br>- мрежа за носење на топки<br>- топки за пилатес |

| | | |
|---|---|---|
| | - 1 маса за пинг – понг<br>- 1 радиокасетофон(не е во функција)<br>- 3 фитнес справи<br>- 6 тегови<br>- 3 велосипеди со 3 тркала<br>- топки за фудбал<br>- топки за кошарка<br>- топки за одбојка<br>- лопатки за пинг - понг<br>- лоптици<br>- маркери<br>- маркер скала<br>- препреки за скокање<br>- јажиња за скокање<br>- обрачи | - рекети за бадминтон<br>- топче за бадминтон<br>- грбњача за рипстол<br>- 3-4 топки медицинки<br>- дрес маркери<br>- маркери(стапови)<br>- фиксатори на обрачи |
| **Библиотека** | - Книжен фонд<br>- Полици<br>- Комода | - Збогатување и обновување на книжевниот фонд ,лектирни изданија<br>- Компјутер |
| **Земјоделско ветеринарна струка** | - 3 статичен компјутер;<br>- 1 принтер<br>- 2 пар звучници<br>- 1 камера<br>- Работен материјал: книжен, печатен и компјутерски презентации:<br>- трактор<br>- тример за косење<br>- моторна пила | 2 принтер<br>- 1 пар звучници<br>- 2 камера<br>- компјутери за ученици;<br>- учебници;<br>- нагледни едукативни материјали;<br>- ламинатор,фолии за пластифицирање;<br>- 1принтер во боја;<br>- хартија за печатење.<br>- рачен земјоделски алат (мотика,лопата,гребула,ашов )<br>- Опрема за наводнување (црева,распрскувачи,рачни кофи за наводнување)<br>- 3 ножица за кроење и калемење<br>-косачка за трева (електрична и на бензин) |

| | | |
|---|---|---|
| | | - мотокултиватор |
| **Машинска струка** | 2 компјутери,<br>- 1 принтер,<br>- 1 пар звучници<br>- 1 камера,<br>- работен материјал: книжен, печатен и компјутерски презентации:<br>- паралелни стеги,<br>- бормашина,<br>- брусалица,<br>- столна дупчалка,<br>- машина за точкасто заварување,<br>- апарат за заварување,<br>- машина за аголно свиткување на лим,<br>- машина за кружно свиткување на лим,<br>- алат за сечење на лим (ножици и лост за сечење)<br>- столна брусалка,<br>- алат за разни видови на обработка ( турпии, бургии, рачна пила (бонсек), клешти, шрафцигер, разни клучеви за завртување и одвртување, нарезници за навој,<br>- алат и прибор за техничко цртање ( молив, гума, тетратки, табла, ленирки, шестар, триаголници, агломер). | - сет на клучеви,<br>- патрони за завртување и одвртување,<br>- рачна батериска дупчалка,<br>- сет на бургии (спирални и видеа),<br>- рачен секач ( глето),<br>- табли лим,<br>- лемило,<br>- принтер во боја;<br>- хартија за печатење.<br>- електроди,<br>- брусни камени. |

2.5.Материјално-финансиско работење на училиштето

Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално – финансиско работење во училиштето .

Училиштето согласно законските прописи изработува финансиски план за наредната година кој ги опфаќа средствата од трите извори на финансирање: - сопствени приходи 787/13, буџетска сметка 60316, донации 785/35.

Трошоците во финансискиот план се предвидуваат и планираат согласно потребите на ученичкиот дом и наставата, по направени анализи и пресметки. Предлог буџетите се презентираат и усвојуваат од страна на Училишен одбор, а

потоа се доставуваат до МОН.Училиштето на почетокот на секоја година изготвува План за јавни набавки. Јавните набавки се спроведуваат согласно закон за јавни набавки се вршат преку системот на ЕСЈН. На барање од директорот, наставниот кадар доставува листи за потребни материјали и средства неопходни за работа кои потоа се планираат при изработка на буџетот .Средствата кои се лимитирани за плати, придонеси и осигурување на вработените, комунални услуги, греење строго наменски се трошат. Техничкиот секретар на училиштето е одговорен за изработка на пресметки за плати.Сметководителот, одговорен за финансиските трансфери, е должен да ги поднесува извештаите на приходи и расходи преку месечни извештаи,го запознава директорот и ги доставува до МОН .

Директорот е транспарентен и одговорен во планирањето и трошењето на училишниот буџет и секогаш одмерено планира според можностите и средствата.

Директорот дава отчет и презентира извештаи пред Училишен одбор за материјално-финасиското работење и на увид ги доставува целокупните финансиски извештаи,анализи од следење на месечни или квартални извештаи.

**3.Подрачје на работа на средното училиште- наставен план, и друга воспитно-образовна работа**

Во ДСУ „Искра“ Штип воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои на предлог на Бирото за развој на образованието, ги утврдува Министерот за образование и наука.

Центарот “Искра” е основан со Одлука на Собранието на општина Штип со број 0201-3212/1 до 01.10.1979., како Организација на здружен труд **“Центар за работно оспособување на умерено и лесно ментално ретардирани младинци”** во основање – Штип од областа на социјална заштита, со цел – оспособување на умерено и лесно ментално ретардирани младинци од подрачјето на Источна Македонија, за нивно успешно вклучување во организиран систем на професионална рехабилитација и социјализација. Дејноста на училиштето е верифицирана со решение бр. 09-1569/1 од 20.03.2002 година издадено од Министерство за образование и наука, со три струки: графичка, текстилна и машинска.

- **Графичка струка** - помошник книгоповрзувач - картонажер;
- **Текстилна струка** – помошник конфекционер;
- **Земјоделско-ветеринарна струка**- помошник во растителното производство
- **Машинска струка** – помошник бравар – лимар.

Сите три струки се за двегодишно образование во траење од три години.

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Наставата се одвива согласно наставниот план, кој содржи задолжителни слободни часови, и практична настава. Со него е определен годишниот и неделен број на часови за наставата одделно по сите предмети, бројот на неделните часови. Со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето и постигнувањето на учениците, условите за реализација на наставната програма и нормативот за воспитно образовен кадар. Со наставните програми се определува задолжително користење на информатичко-комуникациските технологии во училиштето за реализација на воспитно-образовната работа.

**4.Евалуација на работата на средното училиште во претходните четири години**

4.1.Самоевалуација на средното училиште

| **Подрачје** | **Резултати** |
|---|---|
| Наставни планови и програми | • Во однос на подобрување на квалитетот на наставата во училиштето :<br>-Се применуваат и реализираат верифици-рани наставни планови и програми во согласност со донесните програмски документи од МОН и БРО, за ученици со посебни образовни потреби.<br>• НПП се релизираат во пропишан обем со одреден број на часови по наставни предмети;<br>• НПП и покрај тоа што содржински се прилагодени за ученици со посебни образовни потреби, постои флексибилност во планирањето на наставните содржини и прилагодување на истите согласно способностите на учениците;<br>• Наставниците преку примена на разновидни наставни методи, техники и форми на работа, допринесуваат за поуспешна реализација на наставната програма.<br>• Се реализира меѓупредметна корелација помеѓу одредени наставни предмети<br>Се реализираат воннаставни активности активности зависно од потребите и интересите на учениците кои служат за подршка на нивниот личен и социјален развој како и афирмирање на училиштето |
| Постигнувања на учениците | • Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците на тромесечије, полугодие и на крајот на учебната година по сите |

| | |
|---|---|
| | наставни предмети и тоа според полот и етничката припадност на учениците.<br>• Наставата се одржува на македонски јазик.<br>• Постигањата на учениците ги следи стручната служба, класните раководители и одговорниот воспитувач во соработка со предметниот наставник. За нивниот успех се води уредна евиденција во дневниците за работа, е- дневникот и други форми на оценување на наставниците: тестови, писмени работи, а по добиените сознанија за секој поединец индивидуално се превземаат мерки и се изнаоѓаат мотиви за подобрување на успехот со разговори, пофалби и награди. Подобрување на постигањата има преку индивидуална настава со ученици. За постигнатиот успех се разговара на Наставнички совет, писмено се известуваат родителите, старателите и центрите за социјална работа, преку евидентни листови.<br>• Сите ученици во училиштето се со потешкотии во учењето, во ДСУ “Искра” учат ученици со посебни образовни потреби. Наставните планови и програми се адаптирани на потребите и способностите на учениците, застапена е индивидуализација и диференцијација на наставата. Посебно внимание се посветува на индивидуалната работа на наставниците, стручните соработници и воспитувачите со учениците.<br>• Училиштето располага со инструменти за проценка на способностите и вештините на учениците.<br>• Учениците кои го завршуваат образованието во нашето училиште немаат можност за продолжување по вертикала. Со здобиеното Уверение тие понатаму се вклучуваат во производниот процес во општините од каде што доаѓаат. Уверението за завршено средно образование се добива без полагање на матура.<br>• Училиштето и одговорните стручни служби ја почитуваат постапката за премин на ученици од едно во друго училиште, навремено ги бара и ги доставува информациите кои се потребни за извршување на трансфер на учениците |

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

| | |
|---|---|
| | • Учениците со посебни образови потреби не ја повторуваат учебната година. |
| Учење и настава | • Наставните планови и програми во училиштето се реализираат преку годишно и тематски планирања и дневни подготовки за настава во електронска форма. Во плановите јасно се наведени содржините кои ќе се реализираат со примена на ИКТ во наставата.<br>• Постои размена на искуства во стручниот актив, но таа треба да се подобри.<br>• Постои недостиг на размена на искуства со надворешни соработници при изработката на плановите за реализација на наставата.<br>• Во наставниот процес се користат разновидни форми и методи заради постигнување на предвидените цели.<br>• Преку интерактивни методи, се поттикнува соработката помеѓу учениците и примената на стекнатите знаења.<br>• Во наставниот процес се користат различни материјали со цел да се мотивираат учениците да учат, активно да учествуваат и нивниот придонес се цени.<br>• Распоредот на часови е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Постои распоред на слободни часови.<br>• Наставата се одвива во две смени, наизменично.<br>• Училиштето има процедури за следење на наставниот процес и секој наставник се посетува двапати во полугодие од страна на директорот или стручната служба. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.<br>• Учениците и наставниците заеднички работат на проекти во и надвор од училиштето, но учеството во проекти треба да се зголеми.<br>• Училиштето навремено ги идентификува сите пречки во процесот на учење и презема активности за нивно надминување.<br>• Наставниците користат различни методи и инструменти за следење и оценување на напредокот на учениците.<br>• Наставниците имаат добра соработка со родителите. |

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

| | |
|---|---|
| Поддршка на учениците | • Училишниот простор е безбеден за изведување настава и сместување во ученичкиот дом. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, дворот, итн.)се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреда на учениците.<br>• Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство помеѓу учениците. Во училиштето стручната сллужба реализира со учениците работилници за превенција од насилство, разрешување конфликти, работилници за развивање на емоционалната интелегенција и креативно мислење.<br>• Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, а се обезбедени и инвалидски колички додека се во училиштето.Ученици непречено можат да се движат во дворот и на првиот кат на училиштето,додека внатрешните скали не се прилагодени за потребите на оваа категорија ученици во училиштето нема лифт.<br>• Хигиената во училиштето не задоволува, незадоволителна е и личната хигиена на учениците. Тоалетите, скалите, ходниците,училниците , работилниците и канцелариите се чистат еднаш во текот на денот. Заедничките простории генерално се чистат за време на викендите.<br>• Училиштето има комплетни информации за учениците, нивниот социјален статус, состојбата во семејството, семејната негрижа, развод на родителите, болест во семејството, смрт во семејството, починат родител, заминување на родителите во странство.<br>• Стручната служба, преку индивидуални разговори со учениците и родителите, увиди во семејствата ,соработка со Центрите за социјални работи и консултации со стручни лица се грижи за разрешување на проблемите и ублажување на последиците.<br>• Училиштето води евиденција за напредокот на учениците со континуирано оценување, присутност, поведение и евиденција на изречени педагошки мерки. Оценките се бележат во е- |

| | |
|---|---|
| | дневникот и во евидентните листови за успехот на учениците.<br>• Родителите се информираат на родителски средби, но одзивот на родителите е минимален заради социјалниот статус |
| Клима во училиштето | • Генерално училишната клима е силно подрачје на училиштето, односите се коректни, базирани на почитување и толеранција. Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, верска припадност, степен и вид на попреченост, социјалното потекло и способностите, за време на наставата, вонннаставните и слободните активности. Континуирано се следат и се идентификуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците и се дава подршка за истите. Во училиштето се организираат хуманитарни акции за ученици од социјално загрозени семејства. За учениците кои го завршуваат средното училиште со цел помагање во нивното натамошно професионално реализирање, се остварува и соработка со бизнис секторот и на потенцијалните вработувачи им се дава инструктивно-советодавна помош од страна на класните раководители и стручните соработници и наставници. Наставниците и учениците се горди на своето училиште бидејќи сите ученици имаат подеднакви права, во училиштето постои позитивна клима за работа, меѓусебно разбирање, почитување, квалитетна настава и постигнати солидни резултати |
| Ресурси | • Училишниот простор ги задоволува условите за изведување на настава. За потребите на учениците со телесен инвалидитет има пристапни рампи и санитарен чвор. Училиштето има богат избор на наставни помагала. Сите училници се опремени со компјутери и принтери. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Машинската, графичката, земјоделската и текстилната паботилница располагаат со потребниот прибор, алат и машини за успешна реализација на практичната наставна. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. |

| | |
|---|---|
| | Потребите и проблемите се разгледуваат на Активот на наставници на кои редовно присуствува директорот и стручната служба. Приправниците имаат максимална подршка. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Стручната служба им помага на наставниците и приправниците, дава советодавна работа, соработува со родителите/ старателите навремено ги решава конфликтите мегу учениците, ги следи проблематичните ученици, го следи напредокот на наставниците и др. задачи поврзани со наставата. Работата на наставниците се следи од страна на стручен тим составен од директорот и дефектолог и  преку посети на часови и индивидуални разговори. Наставниот кадар има ажурирано портфолио за професионален развој. Работењето на училиштето е во согласност со законските норми; Во училиштето со финансискиот план, увидот во финансиското работење, училишниот буџет и трошоците, правилно  утврдување на приоритетите за распределба на финансиските средства во училиштето наставниците, воспитувачите и стручната служба се запознати  со финансиското работење. |
| Раководење, управување и креирање политики | • УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и другите образовни структури, има јасна визија за управување и донесување правилни одлуки. Директорот покажува волја за промоција на најдобриот интерес на училиштето пред учениците, персоналот, родителите, заедницата и Одборот, промовирајќи позитивен став и комуникација меѓу сите субјекти и вложува напори за подобрување на квалитетот на наставата: инфраструктура, наставни помагала...<br>• Не постои политика за поттикнување и континуирано вклучување на наставниците во обуки и семинари за професионално усовршување и обуки за вклучување во проекти за подобрување на воспитно – образовниот процес.<br>• Се води постојана грижа за условите за работа и работната околина: хигиена, естетика, греење... Училиштето посветува големо внимание на евалуацијата на процесите на работење. Во |

| | |
|---|---|
| | училиштето се води политика за поддршка на учениците со различни способности и предиспозиции, идентификување на нивните потреби, овозможување на нивно напредување и следење на нивните постигања, како и обезбедување материјални средства за ученици од социјално загрозени семејства. Се води грижа за здравствена заштита и превенција од болести, насилство и разрешување на конфликти.<br>• Во креирањето на училишната политика родителите се рамноправни партнери и се целосно вклучени во работата на училиштето |

**4.2.Интегрална евалуација на средното училиште**

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | • Државното средно училиште за образование и рехабилитација за ученици со посебни образовни потреби, наставниот процес го реализира со користење на адаптирани наставни програми на ниво на втор степен на стручна подготовка.<br>• Образованието е со три годишно траење, а учениците се образуваат во четири струки: машинска, графичка, текстилна и земјоделско-ветеринарна струка. Учениците со потешкотии и намалени моторни способности се вклучуваат во работно оспособување и работат по наставни планоови и програми за работно оспособување во траење до 24 месеци<br>• Наставата се реализира без обезбедени учебници за учениците и прирачници за наставниците.<br>• Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат можностите, потребите и интересите на учениците. |
| Постигнувања на учениците | • Средниот успех на учениците на крајот на учебната година, во последните три учебни години изнесува: 3,91 за учебната 2016/2017 година, 4,16 за учебната 2017/2018 година и 4,50 на крајот од учебната 2018/2019 година. Од изготвените анализи за постигањата на учениците по струки може да се види дека најдобар успех постигнуваат учениците од графичката струка (4,68), потоа од текстилната (4,28),од земјоделско-ветеринарната струка (4,13) и од машинската струка (3,71). Анализите за последните три години за постигањата по општообразовните предмети |

| | |
|---|---|
| | покажуваат дека учениците имаат најдобри постигања по ликовно образование (4,50), музичко образование (4,35) и спорт и спортски активности (4,18). Училиштето има изграден систем на опфат на учениците со посебни образовни потреби од сите општини во Источна Македонија, но прифаќа и ученици од општините Ресен, Демир Хисар, Кавадарци, Неготино, Валандово. Редовноста на учениците во наставата е променлива заради променливата здравствена состојба на учениците. Училиштето изрекува и педагошки мерки за учениците кои подолго отсуствуваат од настава или не се однесуваат во согласност со правилата на однесување во училиштето. Во изминатите три учебни години изречени се вкупно 15 педагошки мерки. Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. Во училиштето не се реализира додатна и дополнителна настава поради тоа што истата не е предвидена со наставните планови. Сите наставници имаат подготвени годишни и тематски планирања и поголем број наставници имаат планирања за наставен час што ги содржат во најголем број неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Наставниот кадар (за три наставни предмети) во соработка со дефектолозите изготвува долгорочен Индивидуален образовен план (ИОП) во кој ги прилагодуваат целите кои треба да ги постигнат со учениците во согласност со нивните можности и потреби. Вработените имаат потреба од дополнителни обуки за изготвување на ИОП со прилагодени цели. Досега немало организирана обука за изготвување на ИОП. |
| Учење и настава | • Теоретската настава се реализира во 6 училници, а практичната настава во 4 работилници во училиштето кои се опремени со соодветна опрема за реализација на програмите. Се врши и посета на производствени капацитети за да можат учениците поблиску да се запознааат со процесот. |
| Поддршка на учениците | • Учениците во училиштето, добиват подршка од сите субјекти кои се вклучени во воспитно – образовниот процес, што е битен предуслов за |

| | |
|---|---|
| | нивен севкупен напредок. Училиштето соработува и со Министерството за внатрешни работи, од каде заради превенција од насилство се врши редовна контрола од страна на службени лица. Хигиената во тоалетите во ученичкиот дом не задоволува и треба да биде подобрена. Одржувањето на личната хигиена на учениците е редовна, постојано има топла вода во бањите. Училиштето со сопствени средства врши осигурување на учениците од физички повреди и организира бесплатни матурски вечери, како и бесплатно фотографирање на матурантите за табло. Следењето на напредокот на учениците најчесто е индивидуален, поради помалиот број на ученици и спецификите во нивниот образовен развој. Училиштето не става голем акцент на постигањата на сите ученици, поради тоа што нивните можности се ограничени. Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите потенцијали во наставата и во воннаставните активности. |
| Клима во училиштето | • Соработката со родителите на учениците кои се надвор од општина Штип е минимална, поради социјалниот статус и интелектуиалното ниво на најголем број на родители на учениците, па оттаму нема вклученост на родителите или учениците во креирањето на училишни политики. |
| Ресурси | • Училиштето не располага со учебници и прирачници, но со доволен број на наставни нагледни средства и други технички помагала кои се соодветни за реализирање на наставата според потребите на учениците.<br>• За унапредување на наставниот процес училиштето добило донација за асистивна технологија. Изборот на задачи и активности за време на часот е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците ги користат расположливите нагледни средства кои за теоретската настава се во мал број. |
| Раководење, управување и креирање политики | • Соработката на Училишниот одбор со директорот треба да се подобрува |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на средното училиште (СВОТ анализа)

*Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето*

Училиштето се наоѓа на 4 километри оддалеченост од центарот на општина Штип, во близина на Ново Село. Во непосредна близина на училиштето се наоѓа бањата Ќежовица.

Училиштето остварува добра заемна соработка со локалната самоуправа преку учество во манифестацијата "Боите на пролетта", организирана од страна на општина Штип, преку донации за училиштето и сл.

Со НУ библиотека "Гоце Делчев" и Домот на културата "Ацо Шопов", училиштето е гостин и учесник во бројни манифестации и активности.

Во Мај,2022 година училиштето потпиша меморандум за соработка со основното училиште„Страшо Пинџур“ од Кавадарци, со цел реализација на инклузивниот фестивал „Фатени за раце го менуваме светот„. Фестивалот се одржа во Велес, Кавадарци, Неготино и Штип. Во него учествуваа ученици со ПОП од ОУ Страшо Пинџур од Кавадарци, штитеници на дневнот центар Порака од Неготино, ученици од Ресурсниот центар „Маца Овчарова“ од Велес, ученици од ДСУ Искра Штип и членови на културно уметничките друштва од истите општини.. На 27 октомври 2022 год, во организација на ДСУ „Искра„ Штип во НУЦК „Ацо Шопов“ Штип училиштето беше домаќин на 120 учесници на фестивалот од истите општини.

ДСУ Искра соработува со основни и средни училишта од општината преку организирање на заеднички активности и работилници.

Постојат чести контакти и со Црвениот крст од општината, како и со Брзата помош, Клиничкиот центар и стоматолошки ординации, во насока на превенција и третман на здравствени проблеми кај учениците.

Скоро секоја сеодмица учениците се носени во трговскиот центар "Сити Мол", каде го поминуваат слободното време во разонода и пазарење.

Неколку пати годишно учениците ги посетуваат и музеите во општината и Безистенот.

Постои соработка со ресурсни центри за ученици со ПОП од регионот

Честа е и соработката со Сојузот на спортови,а за првпат наши ученици учествуваа на Специјалната олимпијада во Берлин, организирана 2023 година.

Учествуваме и на Домијада секоја година.

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

Со новиот предлог закон за средно образование, ДСУ "Искра" треба да прерасне во Центар за обука во кој, освен ученици со ПОП, ќе бидат опфатени и лица кои имаат желба да се доквалификуваат или преквалификуваат преку некоја од постоечките струки во училиштето.

**СВОТ анализа**

| **Предности (силни страни) на средното училиште** | **Слабости (слаби страни) на средното училиште** |
|---|---|
| *1.Подрачје:Наставни планови и програми*<br><br>- Наставните планови и програми се планираат и реализираат согласно насоките дадени од БРО и од МОН;<br>- Прилагодени НПП за ученици со посебни образовни потреби;<br>- Наставниот кадар е стручен , соодветен со педгошка и дефектолошка докалификација за реализација на наставата програма;<br>- Солидни услови за добра организација и реализација на воспитно-образовната работа<br>- Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот;<br>- Професионална подготвеност на наставникот за подобрување на квалитетот на наставниот процес<br><br>*2.Подрачје: Постигања на учениците*<br><br>- Прецизни податоци за постигањата на учениците на тромесечије, полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети според полот и етничката припадност на учениците.<br>- Поддршка на учениците, индивидуална поддршка од страна на стручна служба<br>- Постојан контакт и соработка со родителите | *1.Подрачје:Наставни планови и програми*<br><br>- Недоволна вклученост на наставниците во процесот на изготвување наставни програми.<br>- Слаба заинтересираност и неможност на родителите (социјална и интелектуалнасостојба) да се вклучат во процесот на изготвување наставни програми ;<br>- Немање учебници<br>- ИКТ- компјутер,таблет за учениците поголем број интерактивни табли<br><br>*2.Подрачје: Постигања на учениците*<br><br>- Намалување на бројот на ученици<br>- Намален успех на учениците – нумеричко оценување на способностите на учениците, недоволно развиени вештини во претходното образование<br><br>*3.Подрачје:Учење и настава*<br><br>- Непостоење на компјутер за секое дете и недоволно користење на ИКТ во наставата;<br>- Недоволна размена на искуства со надворешни соработници при изработка на плановите за реализација на наставата<br>- Нумеричко оценување на учениците<br>- Слабо учество на наставниот кадар и учениците во проекти, особено надвор од училиштето |

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

| | |
|---|---|
| - Инструменти за проценка на способностите и вештините на учениците<br>- Континуирана грижа за целокупната состојба на учениците во училиштето<br>- Редовност на учениците<br><br>*3.Подрачје:Учење и настава*<br><br>- Утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата и подготовките и реализацијата на наставната работа;<br>- Се води сметка за индивидуалните потреби на учениците и за нивниот најдобар интерес;<br>- Примена на усвоените знаења во пракса во склоп на секоја струка<br><br>*4.Подрачје: Поддршка на учениците*<br><br>- Солидно опремени училници и спални соби;<br>- Видео надзор;<br>- Организиран дочек и испраќање на учениците во нивните домови;<br>- Организирање на бесплатна матурска забава;<br>- Предавање на занимањата за штетноста од пушење,алкохол и дрога;<br>- Навремена и квалитетна исхрана<br>- Обезбедување на облека и обувки<br>- Обезбедени парични средства за патни трошоци<br>- Соработка со МВР<br>- Интервенција на брза помош<br>- Соработка со медицински центар<br>- Соработка со ЦСР<br>- Делење на редовна терапија;<br>- Секојдневен надзор од воспитувачите<br>- Обука за прва помош<br>- Припомош од негуватели<br>- Помош на учениците кои имаат емоционални тешкотии<br>- Увиди во семејства;<br>- Консултации со стручни лица;<br>- Помош при изработка на кратка биографија,интервју за работа; | - Изработка на интегрирани наставни планови<br>- Недостаток на обуки на воспитно-образовниот кадар за современи методи и форми на работа со ученици со ПОП, особено ученици со аутизам<br>- Учење од далечина<br><br>*4.Подрачје: Поддршка на учениците*<br><br>- Во училишниот објект нема приспособен лифт;<br>- Отворени порти на влезот на училишниот двор;<br>- Незадоволителна лична хигиена<br>- -Хигиенски навики на учениците<br>- -Незадоволителна хигиена во заедничките простории<br>- Законска регулатива за средннообразование-доквалификација преквалификациа<br>- Нереализирана практична настава во приватни компании<br>- Незаинтересираност на родителите за успехот на учениците;<br><br>*5. Подрачје:Клима во училиштето*<br><br>- Соработка на училиштето со дел од родителите<br><br>*6.Подрачје:Ресурси*<br><br>- Училишниот простор има - застарена спортска сала; - уништен и дотраен пластеник за земјоделска струка; - дотраени врати во машките спални; - стручна литература; Училиштето не располага доволно со разновидна стручна литература, -нема учебници за ученици со посебни потреби по сите предмети; Во училиштето е потребно да има -поголема соработка; - електронски картици за редовност; - семинари и обуки за ученици со посебни образовни потреби (Аутизам и др.); - дисеминација од семинари; - програма и стратегија за обезбедување |

| | |
|---|---|
| - Евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.<br>*5. Подрачје:Клима во училиштето*<br>- Прифатеност на учениците, стимулативна средина и овозможување на пријатен престој<br>- Соработка со локална самоуправа и институциите во градот и пошироко<br>- Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>- Грижа за здравјето<br>*6.Подрачје:Ресурси*<br>- Училиштето располага со солидно опремени училници, спални соби и канцеларии; - современа кујна; - опремени работилници; - пристап за учениците со инвалидитет; - наставни средства и помагала; - уреден училишен двор; - возен парк;<br>- Училиштето располага со потребните машини и алати; - Задоволителни наставни помагала;<br>- Компјутери за реализација на наставата; Во училиштето, наставно-воспитниот кадар, библиотекарот и стручната служба одговарат на пропишаните норми и акти по законот за средно образование Следење на развојните потреби на наставниот кадар се одвива со - редовни посети на час;<br>- портфолио на наставниците за професионален развој;<br>- менторство на новите наставници;<br>- положен испит за приправници; Финансиското работење се спроведува во согласност со законските нормативи;<br>- Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги одсликуваат | на професионалниот развој на наставниците; - правилници или друг механизам за давање признанија и наградување; - идентификување на потребите за професионалниот развој;<br>- соработка со БРО; Соработка и донации од локалната самоуправа - Училишниот одбор не добива месечен извештај за финансиското работење на училиштето.<br>- Транспарентност во трошење на буџетот<br>*7.Подрачје:Раководење, управување и креирање политики*<br>- нема интерес и активност од претставникот од бизнис секторот во УО , -недоволна комуникација со БРО<br>- Нема прецизиран План за професионален развој, стручно усовршување на кадарот;<br>- Недостаток на обуки и семинари за наставниците од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието наменети за унапредување на наставниот процес согласно современите трендови во образованиет<br>- Недовола Соработка со родителите на учениците кои се надвор од општина Штип поради социјалниот статус и интелектуалното ниво на родителите. Слаба т,е минимална вклученост на родителите во креирањето на училишни политики. |

| | |
|---|---|
| приоритетите на воспитно образовните цели на училиптето;<br>- Буџетот се користи наменски за креативни цели и го подобрува квалитетот воспитно образовниот процес;<br>- Училиштето изработува проекти за добивање на финансиски средства и техничка помош.<br><br>*7.Подрачје:Раководење, управување и креирање политики*<br><br>- Добра соработка помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор;<br>- Континуирана соработка на директорот стручната служба, воспитувачи и наставници<br>- Редовни систематски прегледи и организирање на едукативни предавања со теми од здравството;<br>- колективно здраватвено осигорување<br>- меморандум за соработка со разни владини и невладини организации и институции<br>- професионалност, компетентност и посветеност во извршувањето на работните задачи<br>- современа инфраструктура<br>- доволно количество на потрошен материјал<br>- Постои соработка помеѓу педагошкопсихолошката служба и Наставничкиот совет, стручните активи и другите вработени;<br>- Вклученост на училиштето во многубројни проекти од различни области;<br>- Успешна реализација на приоритетите<br>- Постои конструктивна професионална соработка на раководниот орган со стручните соработници, Наставничкиот совет, | |

| | |
|---|---|
| Стручните активи и административно – техничкиот персонал;<br>- Вклученост на училиштето во проекти од различни области; | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за средното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за средното училиште** |
| *1.Подрачје:Наставни планови и програми*<br><br>- Солидна професионална подготвеност на наставниот кадар , да се потикне и подржи во изработувањето на наставни програми.<br>- Наставници кои имаат обуки од релевантни институции во државата, да можат да ги понудат истите и на други училишта;<br>- Поголема поддршка и вклученост на родителите.(едукација,информирање на родителите за важноста на нивното присуство и вклученост во активностите на училиштето;)<br>- Верификација на училиштето со можност за дооформување на средното образование на возрасни ученици;<br><br>*2.Подрачје: Постигања на учениците*<br><br>- Обука за воспитно образовен кадар за работа со ученици со потешкотии во учењето<br>- Обезбедување на наставни средства и помагала<br>- Превземање конкретни мерки за зголемување на интересот на учениците за занимањата кои ги нуди нашето училиште – отворање нови струки<br><br>*3.Подрачје:Учење и настава*<br><br>- Отварање нови струки во училиштето;<br>- Учество на воспитно-образовниот кадар во изработка на нови адаптирани наставни планови и програми за ученици со ПОП; | *1.Подрачје:Наставни планови и програми*<br><br>- Недоволно вклучување на наставниците во изработка нанаставни програми,<br>- Незаинтересираност и слаба соработка со родителите<br>- Финансиски средства за набавка на современа информатичка опрема<br>- Незначителен број на обуки и семинари организирани од МОН за континуирано професионално усовршување на наставникот<br><br>*2.Подрачје: Постигања на учениците*<br><br>- Инклузија на учениците<br><br>*3.Подрачје:Учење и настава*<br><br>- Процесот на инклузија на учениците со ПОП во редовните средни училишта<br><br>*5. Подрачје:Клима во училиштето*<br><br>- Постоење на затвореност и неподготвеност на дел од родителите за соработка и навремено откривање, информирање и решавање на емоционалните и здравствени проблеми на учениците |

| | |
|---|---|
| - Поврзување со поголем број стопански и нестопански субјекти од околината;<br>- Учество во поголем број проекти надвор од училиштето;<br>- Описно оценување на учениците;<br>- Поврзување на училиштето со фирми каде ќе се претставува ученикот од завршната година на средното образование заради вработување.<br><br>*4.Подрачје: Поддршка на учениците*<br><br>- Потреба од медицинско лице-медицинска сестра;<br>- .Стручни предавања за превенција од заразни болести;<br>- Поставување на лифт во училиштето;<br>- Подобрување на безбедноста на учениците преку затварање на портите на влезот на училишниот двор;<br>- Реализирање на практична настава во приватни компании;<br>- Соработка со бизнис заедницата за помош при вработување на учениците;<br><br>- Вклученост на родителите во активностите во училиштето преку работилници,изложби,јавни настни и сл.<br>*5. Подрачје:Клима во училиштето*<br><br>- Училиштето настојува постојано да ја унапредува и подобрува училишната клима и соработката со родителите и учениците во надминување на емоционалните и здравствените проблеми на учениците.<br><br>*7.Подрачје:Раководење, управување и креирање политики*<br><br>- Постојана насоченост и политика на училиштето за изнаоѓање начини за доопремување на училиштето со компјутери и нагледни средства за | |

| | |
|---|---|
| реализација на поквалитетен воспитно образовен процес | |

## 6. Мисија и визија на средното училиште

### Визија на средното училиште

Наша главна грижа се учениците. Со соодветно прилагодени програми, општествена помош и наше несебично залагање ќе ги обезбедиме сите потребни предуслови за остварување на воспитно-образовниот процес.

### Мисија на средното училиште

ИСКРА НАДЕЖ....

Искра надеж за учениците,

Искра надеж за родителите,

Искра надеж за вработените,

Искра надеж за општеството,

Образложението на четирите точкина мотото на училиштето – ИСКРА НАДЕЖ....е искра надеж за учениците, родителите, вработените и општеството. Искрата на надеж секогаш постои. Ние го прифаќаме предизвикот и решени сме да ги споделиме проблемите со сите оние кои ќе ни ја укажат довербата. Довербата што ќе ни се укаже ја возвраќаме со доверба. На проблемите гледаме како на можности низ кои ги согледуваме сопствените сили и знаења. Нашата верба е во потенцијалот на кадарот со кои располагаме, грижата за нивната надградба и усовршување, отвореност за нивните предлози и забелешки и целосно почитување на личноста. Тоа е она што не прави подобри од другите.

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на средното училиште во четиригодишниот период

| **Приоритетно подрачје** | 3.Учење и настава | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3.** Подобрување на наставата<br>Развојна цел 3.1. Зголемување на бројот на компјутерска технологија (компјтери и таблети)<br>Развојна цел 3.2. Опремување на училиштето со нови нагледни средства | | | | | |
| **Конкретна цел 3.1.1**<br>Утврдување на постојната состојба со компјутерска технологија и набавка на нова | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
| - Формирање тим кој ќе изврши евиденција по кабинетите и училниците<br>- Подготвивање листи за постоечката компјутерска опрема<br>- Задолжување на активите да изготват список на потребните компјутери според потребите на наставните програми<br>- Рангирање на приоритети<br>- Доставување на списокот на приоритети и записникот до директорот и УО<br>- Контакти со донатори и обезбедување на финансиски средства | Едуцирани наставници и ученици за работа со компјутерска технологија<br><br>Реализирање на настава интересна за учениците, која ќе го задржи нивното внимание | - Директор;<br>- Воспитно образовен кадар<br>- МОН | Септември 2023/ Август 2027 | Финансиски средства | Директор; Воспитно образовен кадар МОН |
| **Конкретна цел 3.2.1** | | | | | |

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

| Утврдување на постојната состојба со нагледни средства во училиштето и набавка на нови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| • Формирање тим кој ќе изврши евиденција по кабинетите и училниците<br>• Подготвивање листи за нагледни средства со кои располага училиштето<br>• Подготвување на извештај и негово разгледување<br>• Задолжување на активите и стручна служба да изготват список на потребните нагледни средства според потребите на наставните програми<br>• Рангирање на приоритети<br>• Доставување на списокот на приоритети и записникот до директорот и УО<br>• Контакти со донатори и обезбедување на финансиски средства | Реализирање на настава интересна за учениците, која ќе го задржи нивното внимание и ќе ги подобри нивните вештини | Директор<br>Насатвници<br>Воспитувачи<br>Стручна служба | Септември 2023 / Август 2027 | Финансиски средства | Директор<br>Воспитно образовен кадар<br>Воспитувачи<br>Стручна служба |
| **Приоритетно подрачје** | 6.Ресурси | | | | |

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел** 6.Професионална едукација и професионален развој на воспитно – образовниот кадар<br>Развојна цел 6.1. Едукација за унапредување и усоврашување на стручните компетенции на воспитно – образовниот кадар | | | | | |
| **Конкретна цел 6.1.1**<br>Идендификување на потребите на наставниот кадар | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| - Изработка на прашалник<br>- Избор на учесници на обуки<br>- Изработка за Програма | Изготвена листа и програма на потребни обуки и семинари | - Директор<br>- Воспоитно - образовен кадар | Септември 2023 / Август 2027 | Компјутер, Хартија, Стручна литература | Директор Воспитно образовен кадар |
| **Конкретна цел 6.1.2**<br>Реализација на стручно усовршување | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| - Доставување барање до БРО за реализација на обуки според потребите на кадарот во училиштето<br>- Организирање на обуки | Реализација на десиминација<br>Примена на стекнатото знаење во наставата | - Директор<br>- Воспитно образовен кадар | Септември 2023 / Август 2027 | Компјутер<br>Стручна литература | Директор Воспитно образовен кадар<br>БРО |
| **Приоритетно подрачје** | 6.Ресурси | | | | |
| Стратешка цел 3. Следење на развојните потреби на училиштето<br>Развојна цел 3.1 Афирмирање на училиштето | | | | | |
| **Конкретна цел 3.1.1**<br>Обновување и осовременување на web страната на училиштето и нејзино тековно ажурирање | | | | | |

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| - Формирање на тим кој ќе ги прибере податоците и ќе ја збогатат страната на училиштето<br>- Одредување на теми и подрачја кои ќе ги содржи страната<br>- Обезбедување стручно лице кое ќе ја обнови страната на училиштето<br>- Нејзино периодично обновување | Промоција на училштето и училишните активности | - Директор;<br>- Воспитно образовен кадар<br>- МОН | Септември 2023 / Август 2027 | Компјутер Стручно лице | Директор; Наставенка дар |
| **Приоритетно подрачје** | 4.Поддршка на учениците | | | | |
| **Стратешка цел 4.**Подобрување на соработката со родителите<br>Развојна цел 4.1. Активности со родители за поголема вклученост на родителите во работата и активностите на училиштето и нивна едукација | | | | | |
| **Конкретна цел 3.1.1**<br>Организација на работилници | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
| - Формирање на тим од стручна служба наставно – воспитен кадар за планирање на работилници<br>- Изработка на програма за работа на тимот | Подобра соработка со родителите Едуцирани родители | - Директор;<br>- Воспитно образовен кадар | Септември 2023 / Август 2027 | Компјутер Смарт табла | Директор; Воспитно образовен кадар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| • Откривање на целна група<br>• Реализација на работилниците<br>• Изготвување на извештај | | | | | |
| **Приоритетно подрачје** | 6.Ресурси | | | | |
| **Стратешка цел 6.**Подобрување на условите за работа и учење во училиштето и ученичкиот дом<br>Развојна цел 6.1 Реализација на градежни проекти за обновување на училиштето и ученичкиот дом | | | | | |
| **Конкретна цел 6.1.1**Замена на прозорците во училиштето и ученичкиот дом<br>**Конкретна цел 6.1.2** Обезбедување нов котел за парно<br>**Конкретна цел 6.1.3** Реновирање на игралиштето во дворот – нова подлога | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
| • Формирање на тим за утврдување на моменталната состојба на училиштето и ученичкиот дом<br>• Да се обезбеди извештај за моменталната состојба<br>• Да се достави извештај до директорот и училишниот одбор | Подобрени ресурси | • Директор;<br>• Воспитно образовен кадар | Септември 2023 / Август 2027 | Финансиски средства | Директор; Воспитно образовен кадар |

## 8. Соработка на средното училиште со родителите/старателите

ДСУ "Искра" – Штип остварува добра соработка со родителите и со примена на повеќе активности се стреми да ја подобри соработката и вклученоста на родителите во училиштето. Контактот со родителите ќе се остварува преку телефонски разговори (кога родителите не се во можност да се појават во училиштето), средби во училиштето, родителски средби. Преку претстаници во Совет на родители ќе продолжи информирањето и барање мислење за Годишната

програма, Програма за екскурзии, Самоеваулацијата, Развојната програма, превентивна заштита и протоколи за заштита во училиште. Преку Советот на родители, родителите имаат можност да ги изразат своите идеи, предлози и мислења. Добра соработка со родителите има и во полето на реализација на воннаставни активности, манифестации, базари, хуманитарни акции. Во следниот период се предвидени и нови активности со родителите како организирање заеднички работилници со учениците, работилници за родители и сл.

Соработката на училиштето со родителите и во наредниот период ќе се заснова на транспарентност, и зголемување на унапредувањето на активната соработка со родителите во работењето на училиштето.

**9. Соработка на средното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.**

Училиштето како и досега ќе продолжи да ја остварува својата соработка со институции и организации на локално и државно ниво:

- Соработка со локалната самоуправа и секторот за образование при реализација на воспитно-образовниот процес, организирање на манифестации, едукации и слично;
- Соработка со МОН и БРО во однос на наставни планови и програми, реализација на наставата, унапредување на воспитно-образовниот процес, како и професионалниот развој на наставниците, прибирање на релевантни податоци од различен тип;
- Со Државен просветен инспекторат во поглед на правилноста на работењетона училиштето, редовни и вонредни инспекциски надзори и интегралнаевалуација на работата на училиштето;
- Со образовните инстутуции во општината и пошироко во однос на упис на ученици и заедничкисеминари и обуки, меѓусебна соработка и консултации;
- Соработка со Меѓуопштински центар за социјална работа во однос научениците од социјално ранливи категории и корисници на услугите на ЦСР;
- Соработка со СВР – Штип при организирање на едукативни предавања за превенција;
- Општинска организација на Црвениот крст при спроведување хуманиранιакции, едукација на ученици и наставници, работилници на волонтерите на Црвен крст со учениците;
- Спортски здруженија и организации при организирање на манифестации,натпревари и слично;
- Редовна соработка се остварува и со институциите од областа на културата –Народна универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ Штип,

Музеј на град Штип, Народен театар Штип, Дом на млади, Мултимедијален центар „Киро Глигоров“и други;

- Институции од областа на здравјето во спроведување на редовни здравствении стоматолошки прегледи на учениците и вакцинации;
- Медиуми и бизнис сектор во промоција и поддршка на учениците.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на средното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| 3.Учење и настава – обезбедување компјутерска технологија | Континурано следење на предвидениот план за реализација на оваа активност | Директор<br>Воспитно образовен кадар<br>МОН | Училишен одбор |
| 6.Ресурси – професионален развој на наставниот кадар | Континурано следење на предвидениот план за реализација на оваа активност | Директор<br>Воспитно образовен кадар<br>МОН<br>БРО | Училишен одбор |
| 6.Ресурси – афирмирање на училиштето со обновување на web страната | Континурано следење на предвидениот план за реализација на оваа активност | Директор<br>Воспитно образовен кадар | Училишен одбор |
| 3.Поддршка на учениците – соработка со родителите | Континурано следење на предвидениот план за реализација на оваа активност | Директор<br>Воспитно образовен кадар | Училишен одбор |
| 6.Ресурси – подобрување на условите за работа и учење | Континурано следење на предвидениот план за реализација на оваа активност | Директор<br>Воспитно образовен кадар<br>Бизнис сектор | Училишен одбор |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на средното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период, во сите сегменти на планирањето на конкретните цели, на утврдените начини на следење од одговорните лица. Тоа ќе се врши преку полугодишни и годишни извештаи, како и Самоевалуацијата на училиштето која се спроведува на секои две години. Во собирањето на доказите ќе бидат користени: прашалници, записници и протоколи, интервјуа, увид во работата на учениците, прцесот на набљудување и други инструменти.

Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме.

Евалуацијата ќе ја врши комисијата за развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

## 12. Заклучок

Програмата за развој е еден од основните документи во работата на училиштето, со кој се планира, раководи и вреднува работата на училиштето. Дава една јасна слика за текот и планираните активности за наредните четири години, преку разработените стратешки цели, конкретни цели и активности. Целите во развојното планирање се во насока на унапредување на воспитно-образовната дејност и ги следат националните стратегии и новини во однос на наставните планови и програми. При изработката на Развојната програма на училиштето превземени се резултати и податоци од Годишна програма, Годишен извештај, Самоевалуација, Интегрална евалуација. Комисијата за изработка на Развојната програма направи преглед на тековната состојба, ги разгледа потенцијалите кои ги има нашето училиште и ги стави во една рамка на активности, кои ќе бидат реализирани во наредните четири години, четири години во кои ќе бидат вложени нови сили, голем труд и голема вложеност на целиот тим. Наш приоритет е напредок на нашето

училиште, нашите ученици и целиот колектив на училиштето. Со поставувањето на јасни, конкретни цели се стремиме кон остварување на тој приоритет, го придвижуваме училиштето напред во воспитно-образовната дејност.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на средното училиште

1. Тони Петрушев – директор
2. Благојка Рунчева – наставник
3. Данче Сенева – психолог
4. Љубица Спасова – специјален едукатор и рехабилитатор
5. Слаѓана Петровска – социјален работник
6. Јулија Атанасова – специјален едукатор и рехабилитатор
7. Сандра Михаилова – воспитувач
8. Јулија Кујунџиева – специјален едукатор и рехабилитатор

## 14. Користена литература


- Годишни програми за работа на училиштето
- Годишни извештаи за работа на училиштето
- Самоевалуација на училиштето 2020-2022
- Извештај од извршена интегрална на училиштето
- Закон за средно образование
- Закон за ученички стандард
- Закон за наставници и стручни соработници

Државно средно училиште за образование и рехабилитација ИСКРА Штип

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023-2027Г.**

**Датум:**30.8.2023 г.

**МП**

| | |
|---|---|
| **Директор** | **Претседател на УО** |
| Тони Петрушев | Јулија Кујунџиева |
| ________________________ | ________________________ |